

2008

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# СОДРЖИНА

**Визија и мисија** 3

**Цели и методи** 3

**Порака од раководството** 4

**Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата** 5

Македонија без дискриминација 5

Развиени мали и средни претпријатија – Раководење со МРФП 7

**Одржлив локален и рурален развој** 8

Локален развој на заедниците 8

**Добро владеење, партиципација и политики насочени кон луѓето** 10

Добро управување во Македонија 10

**Вкоренето и динамично граѓанско општество** 11

Институционален развој на граѓанското општество 11

Организациски развој на актерите на граѓанското општество 12

**Прифатена културна разноличност, меѓузависнот и дијалог** 13

Меѓурелигиска соработка во Македонија 13

**Поддржан евроинтеграциски процес и регионална соработка** 15

Раководење на балканската мрежа за развој на граѓанско општетсво 15

**Партнерства, односи со јавност и поддршка** 16

Односи со актери 16

Односи со јавноста 16

Поддршка – Одржлив МЦМС 16

Организација 17

Совет 17

Управен одбор 17

Извршна канцеларија 18

**Независно ревизорско мислење** 19

**Финансиски извештај 2008** 20



## Визија и мисија

Визија на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално.

МЦМС ја заснова визијата на универзалните принципи на граѓанско општество и партиципативна демократија, владеење на правото, рамномерен и одржлив социоекономски развој, ненасилство, почит и меѓузависност и културна разноличност.

Мисијата на МЦМС е да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

## Цели и методи

**Долгорочни цели на МЦМС се:**

- Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата;
- Одржлив локален и рурален развој;
- Добро владеење, партиципација и политики насочени од и кон луѓето;
- Вкоренето и динамично граѓанско општество, кое влијае на јавните политики;
- Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог;
- Поддржан евроинтеграциски процес и зајакната регионална соработка;
- МЦМС, независна и организација со кредибилитет, способна за силни и ефективни партнерства и сојузи засновани на еднаквост (на национално, регионално и меѓународно ниво);
- МЦМС е атрактивна и иновативна организација која учи, со локални корени и глобален поглед.

**МЦМС активностите ги остварува преку програмски и организациски методи:**

- Програмски методи се:
  - застапување;
  - развој на капацитети;
  - развојна поддршка и
  - социјално хуманитарна поддршка.
- Организациски методи се:
  - раководење и
  - спроведување.

# Порака од раководството

И 2008 година помина во очекување на поместување во евро-атлантската интеграција на Македонија, но тоа повторно не се случи: одложен е приемот во НАТО заради спорот за името со Република Грција и не е добиен датум за преговори за членство во Европската унија. Од тие цели дополнително не оддалечи изборното насилство за предвремени парламентарни избори, кои се одржаа во јуни. Во првата половина на годината имаше рекорден пораст на бруто домашниот производ, но во втората половина, последователно на глобалната финансиска криза, резултатите и на ова поле се намалија.

Заради вниманието на споменатите прашања, вклучително и изборите, повторно беше мало вниманието на граѓанскиот сектор. Стратегијата на Владата за соработка со граѓанското општество не се одвиваше со предвидената динамика, а изостана и позначителна финансиска поддршка на граѓанските организации. Подобрување е поголемото учество на претставници на секторот во работните тела на Владата за подготовка на новите закони.

Дополнително, продолжи трендот на намалувањето на поддршката за граѓанските организации од меѓународните организации и фондови.

МЦМС во 2008 година имаше вкупен обем (портфолио) од 47 проекти и буџет од 75 милиони денари. МЦМС имаше реализација на портфолиото во рамките на планираното - 94% од планираните проекти, но не и во однос на планираните приходи (66%) и расходи (65%), главно заради одложување на главните активности за следната година во (финансиски) најголемата програма (ВОЈ) која учествуваше со 31% во буџетот.

Оваа година заврши ја програмите Институционален развој на граѓанското општество (ИГО), Организациски развој на актерите на граѓанското општество (ОРР) и Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ).

Во 2008 година продолжија активностите за реструктурирање на МЦМС со кои организацијата треба да се прилагоди на новиот контекст. Оваа година се заокружи процесот на стратешко планирање, со усвојување на документите за Визија, мисија и долгорочно цели на МЦМС; Деловниот план 2008-2011 година, како и новиот Статут на МЦМС. Последователно, се изврши ја избори за нов состав на Советот на МЦМС. Воспоставен е и на нов орган за секојдневно управување – Одбор на директори, кој сега го сочинуваат два члена – извршни директори.

МЦМС ги продолжува своите активности за зголемување и диверзификација на поддршката, вклучувајќи и финансиската, за остварување на целите. Во 2008 г. приходите од сопствени извори изнесуваат 24% од вкупните приходи или 44% од приходите за оперативни расходи.



Сашо Клековски
Прв извршен директор



Александар Кржаловски
Извршен директор

# Социјална кохезија и намалување на сиромаштијата

## МАКЕДОНИЈА БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Цел на програмата е понатамошен развој на поддржувачка околина за еднакви можности на сите луѓе, односно недискриминација во Македонија.

Оваа, 2008 година, ја одбележа интензивна комуникација и координација со партнерите во програмата. Се организираше обуката за недискриминација за организациите членки на коалицијата, за други заинтересирани организации, за новинари и за претставници на Министерството за труд и социјална политика, на кои учествуваа 51 учесник. Се спроведоа и обуки за градење на капацитетот на Народниот правобранител, Односи со јавност, Раководење со проектен циклус, Напреден менаџмент, како и тркалезната маса „Иднината и предизвиците на институцијата Народен правобранител". Направен е избор на Секретаријат на коалицијата, подготвен и издаден е Поимникот за недискриминација (на македонски и албански јазик) и дадена е поддршка за подготовката на Законот за недискриминација.

### Закон за заштита од дискриминација

МЦМС заедно со другите членки на сојузот Македонија без дискриминација во текот на целата година будно го следеше процесот на подготовка на Закон за заштита од дискриминација. Преку двајцата претставници на Сојузот, Мирјана Најчевска и Звонко Шаврески, во работната група во министерството што го подготвува Законот, овозможено беше да се пренесат коментари и забелешки. Дел од клучните одредби за кои се залагаше Сојузот, за жал не беа дел од текстот на предлогот на Законот. Членките на Македонија без дискриминација побараа од Министерството за труд и социјална политика објаснување зошто во текстот на Законот не се земени предвид нивните забелешки.

Сојузот ја искажа својата загриженост од последиците на нецеловитоста на Предлогот и укажа дека таквиот текст не е добра основа за јавни расправи, не ги следи меѓународните стандарди и не е добра основа за добивање мислење од релевантни меѓународни институции. Република Македонија, со ваков предлог на закон ќе се најде повторно во состојба каде граѓаните ќе ги исцрпат сите правни лекови во РМ и повторно ќе се обратат пред Европски суд за човекови права, што пак, ќе се одрази и на имиџот и на буџетот на РМ.

Сојузот и понатаму ќе го следи процесот на донесување на Закон за заштита од дискриминација и ќе се обидува да придонесе во подобрувањето на законските решенија.



*Состанок на работната група на МБД за Законот за заштита од дискриминација*

## Обука за недискриминација

*Дваесетина претставници на граѓански организации ја поминаа основната и напредната обука за недискриминација. Најголем дел од нив веќе работеле на терен и слушале и гледале случаи на дискриминација по различни основи. „Основната обука, само им допрецизира некои од работите кои инаку ги знаеја и придонесе за фокусирање на проблематиката", рече Мирјана Најчевска, една од обучувачките. „На напредната влегуваме во она што се контроверзи на примената на Законот. Со оглед на тоа дека сé уште не е донесен конечниот текст на законот ние се решивме да одиме не на она што би претставувало конкретна примена на законот туку испитување на окружувањето во кое ќе се појави законот и како ќе можеме да се снајдеме во тоа опкружување. Најголем дел од учесниците добро се снаоѓаат во таква сложена материја", додаде таа.*

*„Иако програмата изгледа обемно, со интерес и полна концентрација ги следиме сите сесии, затоа што се интересни", ги пренесе своите впечатоци Љубомир Бубевски од Полио плус.*

*„Обуката ни создава база за понатаму. Веќе започнавме случаи со синдикатот што го формиравме, ги поттикнуваме лицата со хендикеп да се спротивстават на лошите услови во кои работат. Мојот ангажман во Полио плус и ваквите обуки ми даваат поинаква перспектива за прашањето на хендикепот од онаа што претходно ја имав", вели Љупчо.*

*„Обуката ни овозможи, меѓу другото, да ги слушнеме европските искуства. Ако ги споредиме, можеме да извлечеме многу од нивните искуства, да ги прилагодиме на нашите услови и да не го одиме повторно патот што тие веќ е го поминале", вели Хајди Штерјова-Симоновиќ, правен советник во ХОПС. „Обуката придонесе за разбирање на Законот што треба да се донесе, а вежбите што ги правевме се многу важни за примената на законот", додаде таа.*

*Европските искуства на учесниците им ги пренесе Катрин Владач од Институтот Болтцман од Виена.*



*Учесниците во групи ги разработуваа случаите на дискриминација*



*Преку вежбите, учесниците тестираа како би изгледала конкретната примена на Законот*

## РАЗВИЕНИ МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА – РАКОВОДЕЊЕ СО МРФП

Македонската развојна фондација за претпријатија раководните, како и стручните и административните работи ги довери на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Во 2008 година исплатени се МКД 218,633,616 кон **1,114 нови клиенти** или 94% од планираниот износ и 40% повеќе од планираниот број на клиенти. Со овие кредити **поддржани се 1,833 работни места**, планирани се и **нови 572 вработувања.** До 31.12.2008 г. поддржани се вкупно 10,853 постојни и 2,301 планирани работни места.

Најголем дел од средствата се пласирани преку микрокредитите или **85% од** исплатените кредити во 2008 г.

Во 2008 г., беше направена оценка и селекција на финансиски посредници и **беа избрани: НЛБ Тутунска банка, ИК банка, Штедилница Можности, УНИ банка, Фондација Хоризонти и КИБ (условно)**.

МРФП финансиски ги поддржа активностите на Стопанската комора на северозападна Македонија и Сојузот на стопанска комора. МРФП и Центарот за развој на нови бизниси (БСЦ), добија лиценца за спроведување на најголемото истражување во светот **Глобален монитор на претприемништвото (ГЕМ)**, како дел од Националниот тим за ГЕМ. МРФП по трет пат партиципираше во организација на настанот „**Европски ден на претприемачот**" и по втор пат беше еден од организаторите на „**Претприемач на година – 2007**".

Управниот одбор на МЦМС избра 15 членови на **Советот на МРФП**, кој за прв пат беше воспоставен како највисок орган на општо управување и надзор на МРФП. Членовите на Советот дополнително вкlучија уште еден член.

Одборот на старатели го избра **МЦМС за Институција за раководење** за периодот 2008-2011 г. Тетјана Лазаревска е именувана за извршен директор на МРФП.

МРФП задржува **финансиска самостојност од 118%** и во услови на 3.3% инфлација во евро зоната. Ликвидноста на МРФП на крајот од 2008 г. изнесува над 95% што може да обезбеди непречена исплата на кредити во првите месеци од 2009 г.

**МРФП ги прослави 10-те години од своето основање.** Беше организирана прослава на која во присуство на донатори, соработници, партнери и претставници на деловниот и државниот сектор беа презентирани постигнувањата, како и идните планови на МРФП. За таа цел беше публикувана и монографија насловена како „10 години МРФП"



*Пипаната Вистони во Босилово поддржана од кредитната линија на МРФП*



*МРФП беше еден од организаторите на „Претприемачот на годината"*

Одржлив локален и рурален развој

## ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦИТЕ

Целта на програмата е поттикнат локален развој на рурални и маргинализирани заедници преку зголемена партиципација и организациско јакнење.

Оваа година беа спроведени обуки за: пристап до донатори и изработка на апликации; вовед во инструментот за претпристапна помош (ИПА); односи со јавноста; раководење со човечки ресурси; тимска работа и раководење со тим; и комуникациски вештини и решавање конфликти, како и работилницата за подготвување пријава за поддршка за развој на Локални еколошки акциски планови. На обуките и работилниците присуствуваа 100 учесници.

Беше организирана студиска посета на две рурални општини во Словенија, на која учествуваа претставници од ЗЕЛС, од општините Конче, Старо Нагоричане, Карбинци, Вевчани, како и од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Конференцијата „Руралните општини и ЕУ-поддршката за рурален развој во Македонија – националните искуства и регионалните практики“. Се спроведоа активности за градење на капацитетите на ЗЕЛС и АДКОМ. МЦМС финансиски го подржа објавувањето на годишните извештаи на 8 општини: Теарце, Конче, Прилеп, Чашка, Старо Нагоричане, Могила и Велес.

### Изработена стратегија за реформи во јавните комунални претпријатија

*МЦМС и Светска банка организираа работилница на која околу 100-тина претставници на општините, комуналните претпријатија и другите клучни актери разговараа за проблемите со кои се соочуваат и препораките што ги носи Стратегијата и Акцискиот план. Работилницата имаше за цел да се направат консултации со сите клучни актери и да се добие нивното мислење за препораките од Стратегијата за реформи во јавните комунални претпријатија.*

*Светска Банка по барање на Владата на Република Македонија обезбеди грант за подготовка на Стратегија. За подготовка на Стратегијата, Светската Банка ангажира конзорциум од меѓународни и домашни советодавни консултанти. Во изработката беше вклучен и МЦМС.*

*Градоначалниците, претставниците на јавните комунални претпријатија и другите клучни актери разговараа за елементите на Стратегијата, за важноста и потребата од ваква Стратегија, за тоа какви активности треба да спроведе Владата, а какви општините, јавните комунални претпријатија и нивните партнери.*



*Големата посетеност на работилницата покажа колку е значајно прашањето на реформи на јавните комунални претпријатија*

## Форуми во заедниците

Во март 2008 година МЦМС потпиша договор со Швајцарската агенција за развој и соработка и со општината Карбинци за спроведување на програмата „Форуми во заедниците". „Форуми во заедниците" имаат цел да го поддржат учеството на граѓаните во развојот на заедницата на локално ниво. На организираните средби (форуми) граѓаните ги изнесуваат личните идеи и учествуваат во процесот на донесување одлуки. Ова придонесува општинската администрација да биде поотворена, поодговорна и потранспарентна. Во текот на 2008 се одржаа седум форумски сесии. Граѓаните на Карбинци имаа можност да подготват проекти за подобрување на нивниот живот.

„Со овие форуми се очекува да им се подобрат условите за живот на граѓаните, преку решавање на постоечките проблеми „ - вели Даниела Минова, помлад соработник за односи со граѓаните, компаниите и граѓанските организации, во општина Карбинци.

Жителите на Карбинци избраа три проекти – „Детски игралишта", „Мали спортски терени" и „Урбано уредување".

„На форумите учествувам од самиот почеток. На почетокот бевме малку скептични како ќе се одвива целиот процес и како ние граѓаните ќе може да го направиме тоа што го сакаме. Со тек на времето, преку дискусиите и посетите на терен ги увидовме потребите на граѓаните за да на крај ги подготвиме предлог проектите. Ова беше едно ново искуство за мене и за сите нас. Најголемо задоволство беше што на крајот сите едногласно ги усвоивме предложените проекти", ни кажа Марина Николова, наставничка од селото Таринци.

Вкупниот буџет за општина Карбинци изнесува четири милиони денари, од кои еден милион денари се учество на општината, а три милиони денари донација на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

*Жителите на општина Карбинци на една од форумските сесии*



# Добро владеење, партиципација и политики насочени кон луѓето

## ДОБРО УПРАВУВАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Цел на програмата е зголемена одговорност на институциите, граѓанските организации и граѓаните.

Во првата година на оваа нова програма на МЦМС беа спроведени 9 работилници за проектно планирање, формулација на проекти и работилница за буџетирање и пристап до донатори. Работилниците имаа за цел да ја зголемат свеста и да го зајакнат капацитетот за граѓанската одговорност на локалните лидери и граѓаните од руралните области на кумановско - липковскиот, скопскиот и тетовскиот регион.

### Битола и Ресен – новите општини во Форумите

На 21 октомври 2008 година, МЦМС ги потпиша договорите за реализација на програмата „Форуми во заедницата" со Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и со општините Битола и Ресен. Целта на форумите е да се воспостават партиципативни пристапи за заедниците, да се развиваат вештините и ставовите на граѓаните и локалната самоуправа за активно учество во развојот на заедницата на локално ниво.

### Битола

Битолчани ги идентификуваа проблемите во својата општина при крајот на 2008 година. Имајќи ги превид предлозите најмногу им смета неквалитетната сообраќајна инфраструктура, незадоволителните комунални и јавни услуги, недоволната туристичка промоција и недоволните капацитети за спорт и рекреација. Во следниот период битолчани ќе ги подготвуваат концептите за проекти со кои ќе ги решаваат проблемите во општината.

### Ресен

Ресенчани во огромен број учествуваа во форумскаите сесии. Тие ја избраа животната средина како тема на која ќе ги развиваат проектите. Потоа, имаа можност да ги утврдат и да дебатираат за проблемите што сметаат дека се приоритетни за решавање од областа на заштита на животната средина.



*Од првата форумска сесија во Битола*




*Граѓаните на Ресен гласаа на која тема ќе ги развиваат проектите во следните форумски сесии*

# Вкоренето и динамично граѓанско општество

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Цел на програмата е креирање на овозможувачка околина и поддршка за понатамошен развој на граѓанското општество и подобрени резултати на актерите на граѓанското општество во Македонија.

Во текот на годината беше подготвен извештајот за прогресот на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; беше подржано публикувањето на магистерски трудови на девет кандидати, кои обработуваа теми од областа на граѓанското општество; по трет пат беше спроведено истражувањето за довербата на граѓаните во граѓанското општество.

### Промовирани истражувачките публикации

МЦМС поддржа издавање на 9 истражувачки публикации на теми блиски до граѓанското општество: Слобода на изразувањето на м-р Слаѓана Димишкова; Невладиниот сектор како етички коректив на општеството на м-р Дејан Донев; Функционирање на Економско социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година на м-р Андон В. Мајхошев; Феминистички почетоци на социјалната работа на Биљана Страмшак; Граѓанските организации во Република Македонија на Симонида Кацарска; Односите со јавноста на здруженијата на граѓани во Македонија на Маријана Иванова, Успех во 10 чекори - создавање на Локален акциски план за прашањето на хендикепот на Африм Илјази; Аспектите на човековата безбедност во Македонија - стари или нови војни на Ивана Томовска и Можни стратегии за подобрување на работата на организациите на граѓанското општество преку внатрешно зајакнување и професионализација на секторот – одговор на надворешните закани и недостатокот на средства за работа на секторот на Горан Булдиоски.

Основната идеја беше да се мотивираат младите луѓе, постдипломци, за нивните магистерски трудови да истражуваат на теми кои се од интерес за граѓанското општество. Овие публикации треба да бидат основа за дискусии и за развој на стратегии и планови за развој на граѓанското општество, базирани на истражувања и аргументи, како и да промовира нови имиња, нови експерти во граѓанското општество.

Поддршката на МЦМС беше во форма на грантови кои можеа да се користат за истражувачки трошоци и за публикување на истражувањата. Вкупната поддршка изнесува 730,000 денари.

*На првата промоција беа претставени три од истражувачките публикации*



# ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА АКТЕРИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Целта на програмата се развиени организациски и институционални капацитети на граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество.

Во текот на 2008 година се реализираа 36 консултации и обуки на кои учество земаа 520 претставници на граѓанските организации, државниот и деловниот сектор, верските заедници, медиумите и др.

## Прирачник за менаџмент на човечки ресурси

*Прирачникот Менаџмент на човечки ресурси е збир на теоретски и практични аспекти на раководењето и развојот на луѓето во една организација и нуди алатки кои се применуваат при овие процеси. Без оглед на тоа дали станува збор за вработени или волонтери, очигледно е дека граѓанските организации мобилизираат значаен човечки капитал за кој мораат да се погрижат соодветно да се развива и мотивира. За таа цел е потребно да се почитуваат основните концепти за Менаџментот со човечки ресурси кои се валидни за секоја организација. Па, така е потребно да се внимава на тоа вистинските луѓе да бидат ангажирани на вистинско место, да им се овозможи да се прилагодат на организацијата, на нејзините системи, процедури, вредности и култура, да им се понуди можност да стекнуваат нови знаења и вештини, нивниот труд да биде оценет и вреднуван на фер начин, да се воспостават системи кои ќ е овозможат тие да бидат мотивирани и да уживаат во својата работа и на крајот да им се овозможи да „пораснат“ и да ја „надраснат“ организацијата за да бидат нејзини пријатели и лобисти на други места и позиции. Прирачникот е подготвен за потребите на проектот програма за градење капацитети 2008 и е наменет за организации партнери на ОБСЕ и други граѓански организации.*

## Стратешко планирање

*Како да се направи успешен стратешки план, беше вистински предизвик за 13-те учесници на обуката Стратегија за успех што се одржа во јуни во Охрид.*

*Учесниците имаа можност да се запознаат со основните принципи на една организација, со нејзините развојни фази и институционалната поставенст. Слушаа за интергираниот организациски модел (ИОМ) како и за примената на концептот на институционален развој и организациско јакнење. Се запознаа со анализата на проблеми, правеа СВОТ анализа, учеа за стратешки ориентирано планирање (СОР), го запознаа и концептот на логичка рамка и дознаа за другите елементи поврзани со стратешкото планирање.*

*Иако целата обука ја сметаат за корисна, најмногу ги издвојуваат СВОТ анализите и СОР матрицата, потоа дрвото на проблеми и логичката рамка. Учесниците оценија дека целите на обуката се исполнети, а за самата обука рекоа дека е многу корисна. Најревносните од нив веќе на крајот на обуката имаа план како ќе го применат новостекнатото знаење.*



*Покрај теоријата, учесниците и практично ги применија алатките за стратешко планирање*



*Некои од учесниците на крајот она обуката веќе имаа план како ќе ги применат знаењата*

Прифатена културна разноличност, меѓузависност и дијалог

## МЕЃУРЕЛИГИСКА СОРАБОТКА ВО МАКЕДОНИЈА

Целта на програмата е да се зголеми меѓусебното разбирање помеѓу верските заедници и разбирањето за нив кај Македонската јавност воопшто.

Целна група се членовите на верските заедници во Македонија, со фокус на студентите (и професорите) на образовните институции (теолошки факултети и делумно средните училишта) на верските заедници.

Преку најразлични активности (разаменски предавања, посети на верски објекти, теолошки училишта), членовите на верските заедници и студентите по теологија имаа можност да се запознаат со религијата, културата и традицијата на другиот, како и да воспостават меѓусебни контакти. Во рамките на програмата во овој период беа реализирани пет разменски предавања, една посета на теолошко училиште, три посети на верски објекти, а воедно беше и поддржана и Канцеларијата за соработка со верските заедници. МЦМС исто така го поддржа и организирањето на конференцијата на Европската регионална партнерска група (ЕРПГ) на Светскиот Совет на Црквите (ССЦ). Од информативните изданија беа објавени два Билтена за меѓурелигиска соработка и Адресарот на верските заедници. Кон крајот на годината беше реализирана и една Студиска посета на Ерусалим, којашто воедно беше и последната активност во рамките на програмата.

**Круг на родители** (Parents Circle)

Тоа е организација на родители, кои изгубиле свое дете за време на конфликтот. Членови на оваа организација се и Израелци и Палестинци и како што и самите велат тоа е единствената група која не би сакала да добие уште еден нов член.

Овие родители се среќаваат меѓу себе и разговараат за својата загуба, без оглед на националноста. Тие за себе велат дека се како браќа. Се залагаат за мир и помирување за да не се повтори она што им се случило на нив.



*Учесниците на студиската посета со Израелецот Рами Елханан и Палестинецот Басам Арамин родители на деца загинати во оружените пресметки на двете страни*

Студиската посета на светиот град Ерусалим се спроведе кон крајот на октомври 2008 година. Преку посетата се настојуваше да се даде придонес кон зачувувањето на мирот и превенцијата на конфликти, преку запознавање, размена на мислења со другите земји. Македонската делегација беше составена од 16 претставници (членови на верските заедници, Комисијата за односи со верските заедници и претставници од МЦМС). Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) беше целосно одговорен за настанот, додека пак организатор домаќин на настанот беше Jerusalem Interchurch Center (JIC).

Посетата на учесниците им овозможи да се запознаат со Израелско/Палестинскиот конфликт, улогата на граѓанските организации во однос на превенција на конфликтот и заштита на човековите права, улогата и степенот на ангажираност на верските заедници во однос на мирот и помирувањето итн. Учесниците посетија повеќе институции меѓу кои: United Nations Office of Humanitarian Affairs, Swedish Christian Study Center (во овој центар беше организирано запознавање на нашите учесници и студентите од овој центар со три израелски организации кои работат на полето на заштитата на човековите права: Breaking the silence, Rabbies For Peace i B'etsleem), Tantur Ecumenical Institute (каде се запознаа со членовите на организацијата Круг на родители или Парентс цирцле) итн. Покрај посетите на организациите беа остварени и средби со претставници на скоро формираниот Council of Religious Institutions of the Holy Land, а учесниците имаа можност да посетат значајни верски обележја во светиот град.

### Прекин на тишината (Breaking the Silence)

Ова е организација на поранешни израелски војници кои отслужувале воен рок во окупираните територии за време на втората Интифада. Тие се сведоци или учествувале во воени акции кои им ги смениле нив самите. Тие се сеќаваат на случаи на малтретирање на Палестинци, грабежи и уништување на нивната сопственост, кои биле правени со години, а се уште се објаснуваат како воени неопходности, или екстремни или уникатни случаи.

Организацијата настојува ја запознае Израелската јавност преку пишување и издавање на сведоштва на поранешните Израелски војници за нивните постапки во окупираната територија. Иако окупираната територија е на само 10 минути од Ерусалим, израелското население не оди таму и не знае каква е состојбата.



*Средба во Swedish Christian Study Center со претставници на организациите на Breaking the silence, Rabbies For Peace и B'etsleem.*

# Поддржан евроинтеграциски процес и регионална соработка

## РАКОВОДЕЊЕ НА БАЛКАНСКАТА МРЕЖА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКО ОПШТЕТСВО (БЦСДН)

БЦСДН ја сочинуваат 14 граѓански организации од десет земји на балканскиот регион: Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Косово, Македонија, Романија, Словенија и Србија.

И во оваа година продолжија активностите за ажурирање на веб страницата со двонеделни вести; беа организирани координативни состаноци; беше набљудувано спроведувањето на олеснетиот визен режим; и започна истражувањето за улогата на граѓанското општество во процесот на евроинтеграци.

### Набљудување на визното олеснување во Македонија

МЦМС во партнерство со четири организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија и ЕЦАС од Брисел го спроведоа проектот за набљудување на спроведувањето на Спогодбата за олеснет визен режим во земјите од западен Балкан.

Беа реализирани 774 анкети на апликанти за визи, а на отворената инфо-линија за граѓаните беа примени и регистрирани 105 повици.

Извештајот констатира проблеми со објаснувањата за одбиените барања за виза; со потребните документи и барање за дополнителна документација; со должината на процесот на издавање виза; со слободниот и бесплатен пристап до виза; со третманот од страна на персоналот во амбасадите.

**„Непотребно патување“**

Ова е приказната на брачен пар од Куманово кои планирале да ги посетат нивните син, ќерка и внука во Германија. Тие аплицирале за виза на 19 февруари. Гарантното писмо било обезбедено од нивните деца кои работат и живеат во Германија со години. Домаќинот објаснил дека е вработен и дека е во можност да обезбеди доказ за тоа за потребите на амбасадата. Нивната апликација за виза била држена седум дена кога биле информирани дека е одбиена. И покрај барањето за објаснување на причините за одбивање, не им биле дадени информации и наместо тоа биле испратени со зборовите: „ова патување не е неопходно и нема што да барате таму“.




*Почетокот на набљудувањето на визното олеснување беше најавен со прес конференција*

# Партнерства, односи со јавност и поддршка

## Односи со актери

Соработката на МЦМС се одвиваше со домашни организации и институции, агенции членки на Светскиот совет на црквите (ССЦ) и со други странски организации.

На почетокот од годината се спроведе оценка на програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) за периодот 2006-2007. Александар Кржаловски беше избран од членките на ГПМ за претставник во Националниот совет за европски интеграции. МЦСМ е еден од иницијаторите на Коалицијата Македонија без дискриминација. МЦМС беше активно вклучен во подготовката на предлог - статутот на коалицијата. Соработката со единиците на локалната самоуправа и со државните институции беше на вообичаено ниво.

Регионалната соработка МЦМС пред се ја остварува преку Балканската мрежа за развој на граѓанското општество, чиј основач е. Соработката со Делегацијата на Европската комисија и воопшто со Европската комисија во 2008 год. се реализираше преку повеќе активности, како регионалните консултации за Повеќегодишниот индикативен план (МИПД) за периодот 2009-2011 година, како и учество на конференцијата на ЕК за соработка со граѓанското општество. МЦМС редовно учествува на Светското собрание на ЦИВИКУС.

## МЦМС е член на:

ECOSOC

ACT International

CIVICUS

Балканска мрежа за развој на граѓанското општество

ГРАЃАНСКА ПЛАТФОРМА НА МАКЕДОНИЈА

## Односи со јавноста

МЦМС оваа година по трет пат ги организираше Отворените денови на МЦМС. Отворените денови траеја од 20 до 26 мај 2008 година и беа организирани во Тетово, Битола и во Велес. На крајот од годината МЦМС ја публикуваше новата веб страница. Со новиот дизајн, достапноста на информациите и редовното ажурирање МЦМС ја засилува претставата за транспарентна организација која има што да каже".

Годишниот извештај на МЦМС беше издаден на македонски, албански и англиски јазик. Во текот на 2008 година беа остварени вкупно 147 настапи во медиумите.

## Поддршка - Одржлив МЦМС



*Логото под кое се одвиваше кампањата „Донирај од твојот данок"*

МЦМС оваа година го спроведе проектот „Промоција на даночните поттикнувања за физички лица", каде преку медиумска кампања во дневните и неделните весници беа информирани граѓаните за можноста да донираат дел од својот персонален данок на доход за проектите на граѓански организации.

Беа тестирани повеќе механизми за донирање, како што е донирањето преку телефон. Исто така беа преземени и активности за јакнење на свеста по прашањето на евроатлантските интеграции на Македонија, преку мини кампањата „И Македонија и НАТО".

Докажувајќи се како квалитетен добавувач на консултантски услуги за градење капацитети, соработката со ОБСЕ се прошири и на повеќе други активности како законската регулатива за антидискриминација и јакнењето на капацитетите на месните заедници.

Во 2008 година МЦМС поднесе 38 апликации до 15 донатори/набавувачи на услуги. Од нив 12 се одобрени/прифатени, 23 се одбиени и 3 се во тек на одлучување.

## :: ОРГАНИЗАЦИЈА ::

На крајот на 2008 година МЦМС ја одбележа 15-годишнината од своето постоење и работење. Во изминативе 15 години МЦМС спроведе 1.481 проект во 60 програми, со вкупен буџет од околу 46 милиони и 400 илјади евра.

## :: СОВЕТ ::

Советот ги донесе новите стратешки документи на МЦМС: Визија, мисија и стратегија на МЦМС и Среднорочниот деловен план 2008-2011. Исто така беше утврден новиот Статут на МЦМС и избран новиот состав на Советот.

Наташа Габер – Дамјановска
Абдурауф Пруси
Александар Михајловски
Ахмет Јашаревски
Аце Коцевски
Билјана Герасимовска-Китановска
Дилбера Камберовска
Драги Змијанац
Драги Костадиновски
Душица Перишиќ
Душан Шурбановски
Ѓоко Ѓоргески
Ѓунер Исмаил
Зејнула Фазлиу
Иван Тулевски
Келменд Зајази
Марија Стамболиева
Мерсел Џелаџини
Михаил Цеков
Мухамед Точи
Нафи Сарачини
Ратко Лазаревски
Руска Мицева
Теута Крашница-Чучкова

## :: УПРАВЕН ОДБОР ::

Согласно новиот Статут беше воспоставен новиот орган на секојдневно управување – Одбор на директори, кој го сочинуваат Сашо Клековски, Прв извршен директор и Александар Кржаловски, како в.д. Извршен директор.

1. **Наташа Габер – Дамјановска**, претседавач, доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социопошки и политичко-правни истражувања
2. прота **Драги Костадиновски**, заменик-претседавач, архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
3. **Андон Марковски**, секретар на Сојузот на пензионерите на Македонија
4. **Бехиџудин Шехапи**, претседател на Ел хилал, Скопје
5. **Билјана Герасимовска-Китановска**, доктор по општа медицина, магистер по нефрологија, вработена во Клиничкиот центар Скопје, претседател на ЕСЕ – Скопје
6. **Зејнула ефенди Фазлиу**, Имам
7. пречесен **Михаил Цеков**, пастир на Евангелско-методистичка црква во Струмица
8. **Мухамед Точи**, невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина"
9. **Свето Стефановски**, новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екопогија"

## :: ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА ::

На крајот на 2008 година, МЦМС има 27 соработници.

**Прв извршен директор**
Сашо Клековски
skl@mcms.org.mk

**Извршен директор**
Александар Кржаловски
akr@mcms.org.mk

**Група за развој**
Димче Митрески
dmt@mcms.org.mk

Миоград Колиќ
mkl@mcms.org.mk

**Група за вработување**
Тетјана Лазаревска
tlz@mcms.org.mk

Лазар Неданоски
lnd@mcms.org.mk

Глигор Михаиловски
gmh@mcms.org.mk

Лирим Хајредини
lhj@mcms.org.mk

Афродита Муслиу

**Група за граѓанско општество**
Сунчица Саздовска
ssz@mcms.org.mk

Фатмир Битиќи
fbt@mcms.org.mk

Емина Нурединоска
enr@mcms.org.mk

Валентина Чичева
vch@mcms.org.mk

Даниела Стојанова
dsj@mcms.org.mk

Кренар Кука
kkk@mcms.org.mk

**Група за информации**
Гонце Јаковлеска
gjk@mcms.org.mk

Грамоз Шабани
gsb@mcms.org.mk

Адис Рахиќ
arh@mcms.org.mk

Борис Ристовски
brs@mcms.org.mk

Сузан Шаќир Сулејмани

**Кроссекторски и меѓународни програми**
Тања Хафнер Адеми
thf@mcms.org.mk

Дервиша Хаџиќ-Рахиќ
dhd@mcms.org.mk

Зденка Виденова

**Административна група**
Милка Божиновска-Миова
mmv@mcms.org.mk

Мирјана Куновска
mkn@mcms.org.mk

Билјана Вучуревиќ

Данило Митов
dmv@mcms.org.mk

Весна Богдановска
vbg@mcms.org.mk



# Независно ревизорско мислење

**Deloitte.**

Deloitte DOO
Mit. Teodosij Gologanov 28
1000 Skopje
Republic of Macedonia

Tel: +389 (2) 3111 300
Fax: +389 (2) 3119 544
cemkmacedonia@deloittece.com
www.deloitte.com/mk

Central Register of RM
Registry Number 4881427
Komercijalna Banka AD, Kej Dimitar Vlahov, Skopje
Account no. 300-0000000910-22
VAT MK 4030994253680

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**До Советот на Македонски центар за меѓународна соработка**

Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (стр. 3 до 28) на Македонски центар за меѓународна соработка (во понатамошниот текст "МЦМС"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2008 година и билансот на приходи и расходи, извештајот за промените во главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на МЦМС со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на МЦМС. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

**Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Македонски центар за меѓународна соработка на ден 31 декември 2008 година, како и резултатите од работењето, промените во главнината и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.**

**Дилоит ДОО**

**Лидија Нануш**
**Директор**

**Јовица Стојчевски**
**Овластен ревизор**

**Скопје**
**6 март 2009 година**

# Финансиски извештај 2008

**КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС**
**НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2008 ГОД.**

(во илјада македонски денари, 1ЕУР = 61.4123 МКД)

| Опис | Белешка | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| А. СРЕДСТВА | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности и опрема | 12 | 14,907 | 14,533 |
| Долгорочни депозити | 13 | 7,662 | 8,933 |
| Долгорочни вложувања | 14 | 350 | 350 |
| Вкупно нетековни средства | | 22,919 | 23,816 |
| **Тековни средства** | | | |
| Краткорочни заеми | 15 | 16,700 | 32,800 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 16 | 12,136 | 20,833 |
| Пари и парични еквиваленти | 17 | 75,365 | 43,730 |
| **Вкупно тековни средства** | | **104,201** | **97,363** |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | | 127,120 | 121,179 |
| Б. ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | | | |
| **Главнина** | | | |
| Фондови | 18 | 106,132 | 103,592 |
| Вишок (расходи над приходи)/приходи над расходи | 18 | (6,383) | 2,540 |
| **Вкупно главнина** | | **99,749** | **106,132** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Резервации за користи за вработените и јубилејни награди | | 342 | 208 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | 19 | 2,250 | 3,645 |
| Одложени приходи | 20 | 18,081 | 9,000 |
| Пресметани трошоци | 21 | 6,698 | 2,194 |
| **Вкупно тековни средства** | | **27,029** | **14,839** |
| ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ | | 121,120 | 121,179 |

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ЗАВРшЕН НА 31 ДЕКЕМВРИ 2008 ГОД.

(во илјада македонски денари, 1ЕУР = 61.4123 МКД)

| Опис | Белешка | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **А. ПРИХОДИ** | | | |
| **Донации и грантови** | 16 | | |
| Црковен развоен сервис (ЕЕД), Германија | | 17,209 | 16,218 |
| Норвешка асоцијација на општини (КС) | | 9,000 | 603 |
| Полио плус | | 4,807 | 0 |
| Сокотаб и партнери, Швајцарија | | 4,607 | 3,599 |
| Данска црковна помош (ДЦА) | | 2,768 | 13,395 |
| Норвешка црковна помош (НЦА) | | 2,814 | 4,199 |
| Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ) | | 1,923 | 0 |
| Други донатори | | 1,822 | 25,241 |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ И ГРАНТОВИ** | | **44,951** | **63,255** |
| **Сопствени приходи** | 17 | | |
| Македонска развојна фондација за прет. (МРФП) | | 7,429 | 6,404 |
| Орг. за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) | | 4,464 | 5,127 |
| Асоц. на економски консултанти (ЕЦА), В. Британија | | 2,034 | 0 |
| Други сопствени приходи | | 2,482 | 11,805 |
| **Вкупно сопствени приходи** | | **16,408** | **23,336** |
| Камати и позитивни курсни разлики | 18 | 3,056 | 4,801 |
| **Вонредни приходи** | 19 | **4,424** | **8,659** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 20 | **68,839** | **100,051** |

| Опис | Белешка | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Б. РАСХОДИ** | | | |
| **Добротворни расходи** | | | |
| Проекти за модернизација на образованието (ПМО) | 21 | 4,310 | 4,541 |
| Раководење со МРФП | 22 | 210 | 184 |
| Македонија без дискриминација (МБД) | 23 | 8,925 | 8,301 |
| Локален развој на заедниците (ЛРЗ) | 24 | 6,280 | 2,815 |
| Водоснабдување на општина Јегуновце (ВОЈ) | 25 | 6,129 | 8,581 |
| Добро управување (ДУМ) | 26 | 380 | 0 |
| Институцион. развој на граѓанското општество (ИГО) | 27 | 1,000 | 15,116 |
| Орган. јакнење на актерите на граѓанското општество (ОРР) | 28 | 2,271 | 7,238 |
| Раководење со Балканската мрежа за ГО (РБМ) | 29 | 703 | 4,272 |
| Меѓурелигиска соработка во Македонија (МСМ) | 30 | 3,035 | 6,265 |
| Кампања за мобилизација на ресурси (КМФ) | 31 | 3,182 | 2,197 |
| Програми од минати години (РМС) | 32 | 945 | 0 |
| **Вкупно добротворни расходи** | | **37,370** | **60,668** |
| **Оперативни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци за персоналот | 33 | 20,352 | 19,304 |
| Други оперативни расходи | 34 | 16,282 | 16,407 |
| Информации и публикации | 35 | 885 | 1,008 |
| **Вкупно оперативни расходи** | | **37,519** | **36,719** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | 36 | **74,888** | **97,440** |
| **БИЛАНС пред оданочување** | | **-6,050** | **2,611** |
| Данок | | -368 | -71 |
| **БИЛАНС** | | **-6,418** | **2,540** |



**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**Адреса на издавачот**
Македонски центар за меѓународна соработка
ул. „Никола Парапунов“ бб,
П.фах 55, 1060 Скопје
Република Македонија
Тел.: 02/3065-381;
факс: 02/3065-298
**mcms@mcms.org.mk**
**www.mcms.org.mk**

**Прв извршен директор**
Сашо Клековски

**Извршен директор**
Александар Кржаловски

**Одговорен уредник**
Гонце Јаковлеска

**Помошник одговорен уредник**
Грамоз Шабани

**Лектор**
Даниел Медароски

**Фотографии**
Фотоархива на МЦСМ

**Графички дизајн**
Кома лаб.